08.07.2016г.

# ОДЛУКА

**На Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), по жалбата на Саша Богдановиќ, за текстот со наслов "АБДАЛСКА РАБОТА: Додека ботовите киснат по улици на "молеро-фарбарската револуција", Српче тера "кафанска револуција"" објавен на 12.05.2016 година, на Интернет порталот Инфомакс (www.infomax.mk)**

## ЖАЛБАТА Е ОСНОВАНА

Кодексот на новинарите на Македонија е прекршен во членовите 1 и 13.

Член 1.

*"Новинарот има право на слободен пристап до сите извори на информирање што се од јавен интерес. Новинарот треба да објавува точни, проверени информации и нема да прикрива суштински податоци и да фалсификува документи. Доколку информацијата не може да се потврди, или станува збор за претпоставка, односно шпекулација, тоа треба да се каже и да се објави. Точноста на информацијата треба да се провери колку што е тоа можно."*

Член 13.

*"Новинарот треба да прави разлика меѓу фактите и мислењата, меѓу веста и коментарот."*

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

До Извршната канцеларија на Советот за етика во медиумите на Македонија, на ден 17.05.2016 година, Саша Богдановиќ поднесе жалба за текстот со наслов “АБДАЛСКА РАБОТА: Додека ботовите киснат по улици на “молеро-фарбарската револуција”, Српче тера “кафанска револуција”” објавен на 12.05.2016 година, на Интернет порталот Инфомакс (www.infomax.mk).

Во жалбата се наведува дека текстот содржи клеветнички наводи, а тие се презентирани со недолични термини. Се вели дека во самиот наслов на текстот се употребени навредливи зборови, чијашто цел е да создадат слика во целост спротивна на реалните околности, а содржината на веста е крајно недолична.

Извршната канцеларија на СЕММ, во согласност со член 12 од Деловникот на Комисијата за жалби, по приемот и разгледување на жалбата, стапи во контакт со Интернет порталот Инфомакс и побара уредничкиот колегиум да се изјасни по однос на наводите од жалбата. Наведениот интернет портал не достави одговор на наводите на жалителот.

Комисијата за жалби најде дека жалбата во однос на содржината е ОСНОВАНА.

***

На седницата на 23.06.2016 година, Комисијата за жалби ги разгледа наводите на жалителот Саша Богдановиќ и направи увид во наведениот текст.

***

Комисијата за жалби најде дека во спорниот текст со наслов “АБДАЛСКА РАБОТА: Додека ботовите киснат по улици на “молеро-фарбарската револуција”, Српче тера “кафанска револуција”” објавен на 12.05.2016 година, на Интернет порталот Инфомакс, прекршен е членот 1 од Кодексот на новинарите на Република Македонија, според кој проверката на

податоците и точноста се морални императиви на новинарството, затоа новинарот е должен да ја провери информацијата од што е можно повеќе извори. Новинарот треба да обезбеди "втора страна", односно да им даде можност на сите засегнати страни од новинарскиот производ да го искажат својот став. Ова особено во случаи кога новинарот изнесува сомневања или обвинувања или кога некој е предмет на напад и критика.

Комисијата најде дека е прекршен и член 13, според кој мора да биде јасно разграничено што се факти и информации, а што коментар, претпоставки или став на авторот за да се одбегне дезинформирање и манипулирање со публиката.

Во согласност со наведеното Комисијата одлучи како во диспозитивот.

Во работата на Комисијата за жалби учествуваа членовите Мирче Адамчевски, Теофил Блажевски, Гоце Герасимовски, Филип Ѓурчиновски и Беким Ајдини.

**Се обврзува Интернет порталот Инфомакс (www.infomax.mk), во согласност со членот 18 од Деловникот за работа на Комисијата за жалби, да ја објави одлуката на Комисијата за жалби.**

Со почит,
Совет за етика во медиумите на Македонија

Претседател на Комисијата за жалби
Мирче Адамчевски